Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДР... ...ИЈА
Примено: 05-12-2011
| Орг. единица | Број | |
|---|---|---|
| 25 | 182/7 | |

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр.10- 8376/1
Скопје 02-12-2011 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт: www.mtsp.gov.mk

**ДО: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**С К О П Ј Е**

**Предмет:** Забелешки по Нацрт извештај
**Врска: ваш бр.25-182/6 од 03.11.2011 год.**

Во врска со доставениот Нацрт извештај по однос на извршената ревизија на успешност Програми и мерки за посвојување на деца без родители и родителска грижа, Министерството за труд и социјална политика ги дава следниве забелешки:

1. На страна 7 каде се зборува за овластувањата на службените лица на ЦСР за внес на податоците во Програмата, намето „службени лица овластени од раководителот,, треба да стои,, службени лица овластени од лицето кое раководи со центарот за социјална работа,,.

2. На страна 8 во вториот пасос на крај, треба да се додаде дека известувањето кое центарот го доставува до Комисијата за првите пет можни посвоители од програмата се доставува во шифра, односно центарот неможе да ги види имињата на можните посвоители кои ги доставува до Комисијата. По приемот на известувањето, административно техничкото лице кое ја води Комисијата-само тоа, може да ги види имињата на можните псвоители.

3. На истата страна во делот со наслов „ Согласноста за посвојување,, (стр. 8 и 9) направена е грешка, по однос на рокот утврден во Законотво, во кој родителот ја дава согласноста за посвојување. Имено, согласно со Законот за изменување и дополнување на

Законот за семејството („Службен весник„ на РМ бр.67/10 год), родителот согласноста детето да може да биде посвоено, ја дава по наполнување на шест недели возраст на детето.

Исто така, терминот „ се откажува од родителското право„ треба да се замени со терминот „ќе се согласи детето да биде дадено на посвојување„. Ова од причини што Законот не ја користи оваа терминологија.

4. На страна 10 во текстот од насловот„ ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОВРЗАНОСТ„ поднаслов „Министерство ва труд и социјална политика„ треба да се додаде и постоење на Сектор за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита.

5. На страна 12 текстот треба да се промени во насока, дека сите деца а не само децата чиј психофизички развој е нормален може да бидат запишани во Регистарот на посвоеници. Единствен услов за упис на детето во Регистарот на можни посвоеници е согласноста која ја дава родителот, детето да може да биде дадено на посвојување.

Исто така, уписот на детето во регистарот на можни посвоеници не се прави по три месечна возраст на детето. Постапката за упис на детето почнува веднаш по наполнување на шест неделна возраст на детето, доколку родителот ја даде согласноста детето да може да биде посвоено.

6. Насекаде во текстот да се отстрани терминот„ откажување од родителското право„

7. На страна 21 во точката 3.2. каде се зборува за финансиски инструманти кои би влијаеле на промената на одлуката на мајката да го напушти детето, потребно е да се додаде и тоа дека покрај детскиот додаток и еднократната парична помош за новороденче кои се утврдени во Законот за детска заштита, како законски можности кои може да ги гористи самохраната мајка се и следниве:

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

-постојана парична помош на самохрана мајка до три годишна возраст на детето која е утврдена во Законот за социјална заштита;

- во рамки на програмите за активни мерки за вработување, дадена е можност за вработување на самохрани родители, нивна докфалификација и прекфалификација; и

- при распределба на социјални станови, самохраните родители се предвидени како посебна целна група. Оваа заштита на самохраните родители се спроведува во соработка со Министерството за транспорт и врски.

Со оглед на постоењето на горенаведените финансиски инструменти, кои влијаат на промената на одлуката на мајката да го напушти детето, сметаме дека препораката 13 треба да изостане.

Ви благодариме за соработката.

Изработил:М.Божинова
Контролирал:Е.Лазовска
Одобрил: З.Мемети

**М И Н И С Т Е Р,**
**Спиро Ристовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ